АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 08-06-2022

| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlere |
|---|---|---|---|
| 10 | 2305 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 01.01.2021 до 31.12.2021 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 8 јуни 2022 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 91 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Радиодифузерите кои емитуваат телевизиски програмски сервиси на државно ниво се должни од буџетот наменет за програми да издвојат најмалку 10% за европски аудиовизуелни дела од независни продуценти, при што најмалку половина од истите треба да бидат произведени во последните пет години.);

   - **Правилник за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај Скопје, направен врз основа на податоците доставени од радиодифузерот, **не е констатирано прекршување на обврските од член 91 став 2 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Од доставените Обрасци за европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти (наш арх. број 03-1433/1 од 31.03.2022 година и 03-1433/2 од 02.06.2022 година), Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај Скопје, од буџетот наменет за програми во 2021 година, издвоило **10%** за европски аудиовизуелни дела од независни продуценти.

Како европско аудиовизуелно дело од независни продуценти наведено е само едно дело „Магичната песна", кое е произведено во 2021 година.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***